# 3-ТА СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА СОНК

## VI –от КОНГРЕС ТРЕБА ДА УСВОИ И ЧЕТИРИ РЕЗОЛУЦИИ

Советот на СОНК на 3-та редовна седница, која се одржа на 8-11-2015 година , ги усвои и Предлог текстовите на – Извештај за работата на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.М. ( СОНК), за периодот октомври 2010 – јуни 2015 год. и Програма за активностите на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.М. ( СОНК), за периодот октомври 2015 – октомври 2020 година, со претходно сумирање на јавната расправа во синдикалните организации на СОНК, која траеше повеќе од еден месец.

Двете работни групи, кои беа формирани од страна на Советот на СОНК со задача да ги прегледаат сите предложени забелешки, сугестии и  предлози од сумираните извештаи , добиени преку Регионалните одбори на СОНК, констатираа дека најголемиот дел од синдикалните организации на СОНК, го поддржуваат  Предлог-Извештајот, како документ кој реално ја отсликува активноста на СОНК во претходниот мандатен период.

Во врска со Предлог – Програмата, која во основа во сите синдикални организации, каде е водена расправата е прифатена како солидна основа за активностите на СОНК, за активностите на СОНК во наредниот петгодишен мандатен период.

Во дел на синдикални организации дадени се предлози за дополнување на Предлог – Програмата со конкретни прашања, за кои работната група сметаше дека истите се дел од тековните активности на органите на СОНК и не треба да бидат дел од Програмата за целиот петгодишен мандат. Некои од предлозите не се во надлежност на СОНК, туку во надлежност на Федерација или Конфедерација на национално ниво и истите Советот на СОНК  ќе предложи да влезат во Програмата на Конфедерацијата на

слободни синдикати ( КСС ), за наредниот 5 – годишен мандатен период.

Советот на СОНК одлучи на дневен ред на VI –от Конгрес, да бидат покренати и четири многу важни прашања, кои се во надлежност на ресорните министерства, а за дел од нив има предлози од некои синдикални организации во расправата по однос на Предлог – Програмата. Имено, Конгресот ќе расправа и секако се очекува да бидат усвоени споменатите четири Резолуции и тоа:

**– Резолуција за подигнување на степенот на социјалниот дијалог на сите нивоа;**

**– Резолуција за довршување на колективното договарање за сите дејности ( високото образование, науката и нов Колективен договор за култура );**

**– Резолуција за измени на Законот за работни односи во делот на важноста на колективните договори;**

**– Резолуција за измени во Законот за основно и Законот за средно образование, во делот за бројот на ученици во паралелки .**

Советот одлучуваше и по неколку тековни прашања.

---

# НИВЕЛАЦИЈАТА НА ПЛАТИ ВО КУЛТУРАТА ВНЕСУВА ЗАБУНА КАЈ КУЛТУРНИТЕ РАБОТНИЦИ

**НИВЕЛАЦИЈАТА НА ПЛАТИ ВО КУЛТУРАТА ВНЕСУВА ЗАБУНА КАЈ КУЛТУРНИТЕ РАБОТНИЦИ**

Највисокото раководството на СОНК одржа работна средба со претседателите на синдикалните организации на СОНК од дејноста култура, на која се расправаше за најавената нивелација на плати во установите од културната дејност. Во своето воведно обраќање, претседателот Јаким Неделков ги информираше присутните дека СОНК, како репрезентативен синдикат во културната дејност, воопшто не бил консултиран, ниту информиран за начинот и постапката на нивелација на платите, па оттука е и незадоволството во однос на немањето на социјален дијалог на два релевантни социјални партнери, во согласност со домашните закони, како и меѓународните конвенции за социјален дијалог и партнерство. Тој додаде дека го поздравува секој обид на министерството за подобрување на социјално-економската положба на културните работници, но дека без соодветна процедура, без вклучување на СОНК, без транспарентност во работата, сите нивни напори ќе предизвикаат сомнеж во однос на исправноста на нивната одлука. Исто така, го потенцираше и неспроведувањето на процедурата при промена на коефициентите на сложеност на работното место, за кое, како што вели, претставува кривично дело и е тежок прекршок.

Претседателите на синдикални организации беа со различни ставови околу нивелацијата, од која впрочем сите очекуваат соодветно зголемување на платите. Тие подвлекоа дека очекуваат, она за што долги години се залагаше и го правеше СОНК, а тоа е израмнување на платите по работни места на национално ниво, конечно ќе се оствари. Меѓутоа, дел од дискутантите истакнаа дека од можноста на увид во табеларите со новите коефициенти, зголемувањето ќе биде најголемо само кај носителите на дејност, додека пак кај помошно-техничкиот кадар сосема симболично или воопшто ќе го нема. Дел од носителите на дејност пак, го истакнаа своето задоволство, потенцирајќи дека конечно нешто добро е направено во однос на нивната професија.

На крајот од средбата, беше заклучено дека СОНК и

Министерството за култура, во најкраток можен рок, треба да воспоставaт комуникација, да се разрешат дилемите околу нивелацијата и да се земат во предвид сите конструктивни забелешки кои ќе ги достави нашиот синдикат.

---

# СОНК ќе земе активно учество на најавениот протест на КСС

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, како грански синдикат и член на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија –  КСС, на 15.04.2021 година ќе земе активно учество на социјалниот протест во организација на КСС. СОНК ги поддржува барањата на најголемиот синдикат во јавниот сектор и смета дека заради немање слух на надлежните, односно на социјалните партнери на сите нивоа, заштитата на сопствените интереси, во согласност со законите и колективните договори, мора да ги бара преку искажување на јавно незадоволство, односно преку предупредувачки протест.

Имено, повеќе од две години на нашата Конфедерација и е одземена законската можност да учествува во креирање на економската политика во државата, од причина што- некој така сака. Две години документите за репрезентативност на КСС седат во некоја фиока во Министерството за труд и социјална политика и се прави класична опструкција врз синдикалното делување на највисоко ниво. Штетата направена врз гранските синдикати, здружени во КСС е огромна и непроценлива.

И како ова да не е доволно, па се посегна по раководството на синдикатот. Бројни се примерите на раскинување на договори за работа (бркање од работа) од страна на работодавачите врз

синдикалните лидери на сите нивоа. Најпрво се отпочна со бркање од работа на претседателот на конфедерацијата, а потоа и на претседатели на грански синдикати при КСС, претседатели на синдикални организации, активни членови…… Дел од нив се деградирани со преместување од постоечките работни места на пониски работни места, за повеќе нивоа, други се преместени на работни места оддалечени и повеќе од 100 километри од местото на живеење, а некои пак деградирани со намалување на работни задачи и т.н.

Сето ова се прави со цел да се спречи синдикалното организирање и дејствување на КСС и гранските синдикати во неа, неводејќи сметка дека пред се, со ваквите постапки, се гази врз достоинството на човекот, се уништуваат цели семејства, се прекршуваат повеќе закони и колективни договори, меѓународни конвенции…… Дали со ваквиот жесток притисок врз синдикатите и синдикалните лидери и активисти се прави обид да се задуши синдикализмот во државата? Дали се прави обид во државата да има место само за “подобни” синдикати и “невладини” организации? Дали со ваквиот однос на “социјалните” партнери спрема КСС и гранските синдикати во КСС некој мисли дека ќе го замолчат КСС и повеќе нема да бара почитување на Законот за минимална плата и усогласување на колективните договори во согласност со споменатиот закон? Дека повеќе нема да бара 100% исплата на плата заради боледување или изолација од Ковид -19? Дека нема кој да бара зголемување на платите и излез од длабока сиромаштија и борба за гола егзистенција? Дали се смета дека притисоците врз инспекторатите и судиите да носат записници и одлуки по мерка на работодавачите ќе го обесхрабри и скрши КСС?




Секој што мисли дека со притисоци, бркање од работа, спречување на синдикалното организирање и дејствување ќе ја спречи борбата за остварување на работничките права, многу се излажал. КСС е премногу голем и силен и може да се одбрани од секакви напади.

Слоганот на протестот гласи „ДОСТА Е …… ПРЕТЕРАВТЕ“.

И навистина е доста. Вака, со вакви „демократски” методи не се оди во Европа. Меѓународната заедница будно ги следи демократските процеси во државата, како и меѓународните синдикални пријатели, европската и светската конфедерација на синдикати. Меѓународната организација на трудот подготвува тужба против Владата на Република Македонија. Навистина е ДОСТА, велат работниците, но и младината што секојдневно ја напушта татковината, разочарана од системот.

СОНК ги повикува своите членови да излезат на закажаниот протест и со своето присуство да дадат поддршка на заедничката синдикална борба  за остварување на своите права и подобро утре.

# ВЕСТА ЗА ШТРАЈКОТ НА СОНК ПРЕКУ ETUCE ДО ЦЕЛА ЕВРОПА

Веста за генералниот штрајк на СОНК е објавена на официјалната веб страна на Европската конфедерација на синдикати за образование (ETUCE).

„Штрајкот е секогаш последното средство кога преговорите не успеваат" – подвлекуваат од ETUCE и упатуваат загриженост за тековните преговори и решавање на проблемот меѓу СОНК и Владата.

Објавата можете во целост да ја прочитате на следниот **линк**.

---

# СОНК на своите членови и синдикални пријатели им посакува Среќна Нова 2024 година, исполнета со многу здравје, љубов и бериќет

---

# ПРЕДЛОЖЕНИОТ ЗАКОН ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ НА РАСПРАВА ПРЕД ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК

Регионалните одбори на СОНК – Кисела Вода и Чаир расправаа по предлог Законот за основно образование, доставен во јавноста од страна на Министерството за образование и наука. Во анализата на текстот од нацрт законот беа воочени низа забелешки, но од аспект на интересите на нашата организација, заштита и унапредување на правата на вработените во основното образование, ќе истакнеме само дел од поважните забелешки за кои сме убедени, заради тежината на аргументите, ќе бидат прифатени во конечниот текст.
Предничеа дискусиите на членовите на СОНК кои изразуваа незадоволство околу предлог на членови од Законот, кои за одредени прекршоци предвидуваат парична казна, особено за планирањето и реализирањето на додатната и дополнителната настава, како и по сите основи од глава XVI – Прекршочни одредби. Ставот на присутните беше јасен да се избришат паричните казни за наставниците по сите основи. Исто така, коментиран беше и членот кој регулира награда на вработените во најдоброто училиште со зголемување на платата од 30% во следните 12 месеци, член кој што е доста нејасен, дали се однесува на најдобро училиште на општинско или национално ниво, како и констатацијата дека вработените се доведуваат во нерамноправна положба, бидејќи не работат во исти услови, во иста средина, со еднаков потенцијал на квалитет на ученици и т.н.

Големо внимание предизвика членот на Законот, со кој што се организира наставата во текот на учебната година, при што во случај на штрајк директорот на основното училиште, по претходна согласност од градоначалникот, а за државните основни училишта од министерот, должен да го обезбеди остварувањето на воспитно-образовната работа со замена на

вработените кои штрајкуваат, за време додека трае штрајкот. Овој член е апсолутно неприфатлив за СОНК, за кој што во изминатиот период многу пати реагиравме и упативме остри реакции за текст на член од Закон, кој што е спротивен на принципите на синдикалното здружување и дејствување, Законот за работни односи и Уставот на Република Македонија, како и на меѓународните Конвенции, кои ги третираат правата на работниците здружени во синдикати. Впрочем и Меѓународната организација на трудот (МОТ) остро реагираше на ваквиот текст на Законот и побара итно бришење на оваа одредба.

Намалувањето на фондот на часови од прво до деветто одделение, исто така предизвика силен интерес и дискусија помеѓу членовите на СОНК. Намалувањето на наставни часови во одделенска настава е прифатлив предлог, но во предметна настава постои оправдан страв кај наставниците за предизвикување на делумен технолошки вишок, иако има предвидени додатни ангажмани (за кои се сомневаме дека се компетентни), за наставниците на кои би им се намалил фондот на часови. СОНК бара одредба во Законот, со која што цврсто ќе се гарантира сигурноста на работните места на сите вработени во основното образование и секоја реформа во образованието што ќе биде во спротивност на интересите на вработените, особено во делот на социјалниот статус и сигурност и смета дека без консултација со репрезентативниот синдикат, ќе биде однапред осудена на неуспех.



Предлогот за намалување на број на ученици во паралелките е една од конгресните резолуции на СОНК, за кое што се залагаме подолго време. Новиот предлог на МОН за намалување на паралелките од 20 до 30 ученици би требало да се преиспита, од причина што сметаме дека постои простор за поголемо намалување  на горната граница на ученици, што е особено важно за подигнување на квалитетот на воспитно – образовниот процес. Свесни сме дека би имало и финансиски импликации и оптеретување на Буџетот во делот на плати, за евентуални дополнителни вработувања, но во споредба со подобрување на крајниот резултат – поквалитетни стекнати  знаења и вештини на учениците, тоа би било споредно во однос на примарната цел.Дадени беа и други забелешки и предлози во делот на нормирање на работата на наставниците, организирање и реализација на слободни ученички активности, ученички натпревари , водење на педагошка евиденција и администрација, оценување на учениците (описно), професионално усовршување и кариерен развој на наставниците, како и избор на директор во училиштето, деполитизација и департизација на образовните установи и т.н

# 4 –та РЕДОВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК

## ТРГНЕТЕ ГИ РАЦЕТЕ ОД СОНК

### РЕАКЦИЈА НА СОНК ВО ВРСКА  СО НАПАДИТЕ ОД ВИСОКИ ПРЕТСТАВНИЦИ ОД СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИОТ СОЈУЗ

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука  и култура на Република Македонија ( СОНК ) , на седницата одржана на 15-10-2016 година, расправаше во врска со зачестените напади врз СОНК од страна на високи претставници на една од политичките партии во Република Македонија. Во подолг период, а особено во последно време, со ваквите политикантски активности, СДСМ прави повреда на уставно загарантираното право на синдикално организирање и активност, а во исто време со притисоците што ги врши врз СОНК прави кривично дело ,санкционирано со Кривичниот законик на Р.М.

Досега не е познат случај во периодот од самостојноста на Р.Македонија, политичка партија, јавно преку прес-конференции да врши напади со невистини, шпекулации и целосни дезинформации за активности на легитимен и легален Синдикат во Република Македонија, кој  е и членка на сите меѓународни асоцијации на синдикално  организирање. Ваквото однесување е без преседан и во поширoки рамки, а особено не на просторите на Европскиот континент.

Вчудоневидува фактот , потпретседател на оваа политичка партија преку прес-конференција, одржана на 23-ти септември о.г.  да врши невиден напад врз најголемиот грански синдикат во државата,а  на протестот организиран од страна на истата политичка партија за време на празникот 11 октомври, група на

нивни преставници пред седиштето на СОНК, повторно во име на споменатата политичка партија, со транспаренти атакуваа врз нашиот Синдикат и вчерашниот ден, претседател на комисија за образование на општинската организација од Прилеп, повторно преку прес-конференција, со пласирање на целосни невистини изврши груб напад врз СОНК.

Советот на СОНК, го повикува највисокото раководство на Социјал- демократскиот сојуз веднаш да превземат мерки, согласно Уставот, законите и меѓународните конвенции, да престанатаввите вчудоневидувачки однесувања и да ги тргнат целосно обидите за рушење на угледот, со крајна цел и разбивање на нашиот Синдикат.

Советот на СОНК, укажува дека, доколку не бидат превземени бараните мерки од страна на споменатата политичка партија, веднаш ќе побараме да дојдат претставници од Интернационалата за образование и Европската конфедерација на синдикатите за образование, чија редовна членка е СОНК повеќе од деценија и пол, како и Меѓународната организација за труд, со цел на лице место да бидат запознати со сите овие случувања и со конкретни докази за истото. Исто така, СОНК ќе ги информира и амбасадите во Република Македонија, вклучително и Амбасадата на европската унија.

СОНК го има правото да превземе и други мерки, во одбрана на самостојноста и интегритетот на организацијата и тоа ќе се случи доколку, повторуваме, в е д н а ш не престанат досега невидените однесувања на политичка партија во подолг временски период и не само во нашата држава.

# СОНК УЧЕСТВУВАШЕ НА БАЛКАНСКА СРЕДБА НА СИНДИКАТИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Во организација на хрватскиот синдикат на учителите, на 9 и 10 јули во Цриквеница, Република Хрватска, се одржа работна средба на балканските синдикати за образование, на која што активно учество зема и нашиот синдикат, СОНК. На состанокот беа присутни синдикатите – членки на Интернационалата за образование од земјата домаќин, Хрватска, како и синдикатите од Словенија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Албанија и Македонија. Врз основа на претходно потпишаната Спогодба за соработка и заедничко дејствување, синдикатите усвоија Резолуции со кои што бараат од надлежните органи и влади во сопствените држави да се подобри и подигне статусот на просветните работници, во однос на подобрување на условите за работа и платата за извршената работа, да го добијат заслуженото место во општеството, со што ќе се врати  достоинството на професијата. Репрезентативните синдикати да бидат почитувани како релевантни и рамноправни социјални партнери, особено при планирање на реформи во образованието како и при носење на нови закони или законски решенија.



Синдикалната борба за остварување на зацртаните цели ќе се продолжи со сите расположиви средства и методи што ни стојат на располагање и повеќе десетици илјади членови на нашите синдикати се спремни за заедничка акција. За тоа имаме и силна подршка од Европскиот комитет на синдикатите за образование, Европската Конфедерација на синдикатите за образование како и Интернационалата за образование.

---

# СОНК НЕ СЕ СОГЛАСУВА ДА СЕ НАМАЛАТ ПЛАТИТЕ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

**СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА**

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р. Македонија со особено внимание и голема загриженост ги следи состојбите во нашата држава предизвикана од Корона вирусот. Загриженоста се темели на неколку полиња и тоа:

1. Просветните, научните и културните работници со голема загриженост ги следат информациите за ширењето на вирусот во Македонија и препораките на Владата за примена на мерки, со што би се намалил ризикот за инфицирање од овој смртоносен вирус. Од таа причина и ние како Синдикат апелираме доследно да се почитуваат препораките на надлежните, со цел што е можно повеќе да се заштитиме и да придонесеме за спречување на ширењето на оваа пандемија.

И ние се приклучуваме на препораката: СЕДЕТЕ ДОМА, со минимални излегувања во животната средина.

2. Приоритет на сите нас е животот и здравјето на луѓето, за  што секој од нас има и лична одговорност. Но, во време на редуцирано и ограничено движење, ограничено реализирање на работните обврски, особено во стопанството,  се наметнува и економска криза, предизвикана од неможноста стопанството да работи со полн капацитет. Ние сме свесни дека даноците што ги плаќаат стопанството и граѓаните го полнат буџетот на државата и јавниот сектор од тие средства зема плата. Во вакви околности, се наметнува стравот на нашите членови за сигурноста на нивната заработувачка.
3. Денешната прес-конференција на лидерот на СДСМ, господинот Зоран Заев, со изнесување на  предлог – мерки за намалување на економската криза и помагање на стопанството, конкретно, за намалување на платите во јавниот сектор за повеќе од 50%, во нашето членство предизвика големо незадоволство, загриженост, несогласување, немир, страв за сопствената егзистенција, егзистенцијата на сопственото семејство. СОНК смета дека оваа мерка е премногу радикална и дека голем дел од вработените ќе ги доведе до работ на егзистенцијата. Ова не сакаме да звучи егоистички, меѓутоа, сметаме дека предложените мерки директно ќе удрат врз работниците, што реално се и најмалку платени во државата. Особено реакциите се жестоки од страна на просветните работници, кои, во интерес на учениците, индиректно и на државата, вложуваат надчовечки напори преку алтернативни форми и методи, во домашни услови, да ја реализираат планираната програма.
4. СОНК е убеден дека постојат и други решенија за надминување на економската криза, решенија кои директно и радикално нема да се манифестираат врз работниците во јавниот сектор.  За таа цел, бараме, предлогот упатен до Владата за намалување на платите до висината на минималната плата, односно до 14 500 денари, да се повлече.
5. Предлагаме, под итно, да се воспостави социјален дијалог

со синдикатите, да се слушнат и нашите размислувања и предлози. Особено е важно, според нас, да се консултираат и прифатат мислењата на економските експерти во нашата држава, без разлика на политичкото убедување и дејствување. Секој издржан и добронамерен предлог, поткрепен на база на длабока анализа и факти, треба да се прифати.

6. Конечно, уште еднаш да го истакнеме нашиот став дека не го прифаќаме предложеното намалување на платите во администрацијата, од страна на претседателот на СДСМ. Апелираме до Владата, доколку ваков предлог дојде на дневен ред, да се отфрли. Со тоа би се спречиле и дополнителни социјални и економски немири, што воопшто не е исклучено со ваквата предлог мерка.

Впрочем, оваа криза не е само во Македонија. Ваква предлог мерка, во држави слични на нашата, каде што има економска криза,  намалување на плати нема ниту во Србија, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина, Словенија, Албанија, Косово, Бугарија, Грција……..

Со почит,

Претседател,

с.р. Јаким Неделков

---

# СОВЕТОТ НА СОНК СО ЗАКЛУЧОЦИ

# ИМ ПОСАКА ДОБРЕДОЈДЕ НА НОВОИЗБРАНИТЕ МИНИСТРИ

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК на 18.01.2022 година ја одржа својата 1-ва седница. На дневниот ред, покрај конституирање на новото раководство, се дискутираше и за повеќе актуелни состојби во дејностите што ги застапува СОНК.

На седницата беа отворени многу теми поврзани со продолжување на социјалниот дијалог со социјалните партнери, како и изнаоѓање на заеднички решенија по однос на отворените прашања во сите дејности: детска заштита, основно, средно и високо образование, наука и култура. Главен акцент беше ставен на големото незадоволство заради стагнација на платите во однос на големиот раст на цените за животните трошоци и опаѓање на животниот стандард.

По опширната дискусија, Советот на СОНК со заеднички став одлучи да се донесат Заклучоци, кои ќе бидат испратени до сите министри односно до МОН, МТСП и Министерството за култура.

Советот на СОНК едногласно ги донесе следните Заклучоци.